# Донација за Факултетот за електротехника и информациски технологии

ЕВН Македонија донираше инструмент за испитување на квалитетот на електричната енергија кој ќе служи за обука на студентите при Факултетот за електротехника и информациски технологии. Неговото користење ќе биде од големо значење за следење на новите достигнувања во областа на мерењето и подобрувањето на квалитетот на електричната енергија.

Благодарност за поддршката на ЕВН Македонија изрази деканот на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Миле Станковски. Тој очекува соработката да продолжи и во иднина, најмногу поради сличната дејност со која се занимаваат ЕВН Македонија и Факултетот, односно продукцијата на стручни професионални кадри.

Претседателот на Управниот одбор на ЕВН Македонија, Вернер Хенгст, кога ја предаваше донацијата во името на компанијата рече дека целта е студентите да имаат поквалитетна настава од која ќе произлезе и подобар квалитет за корисниците на електрична енергија.

Оваа донација е потврда и за континуитетот во добрата соработка меѓу ЕВН Македонија и Факултетот за електротехника и информациски технологии, кои досега имаат реализирано повеќе заеднички проекти.



Претседателот на УО на ЕВН Македонија, г. Вернард Хенгст, ја предава донацијата за ФЕИТ

# ЕВН Македонија на „Отворениот ден“ на ФЕИТ



Матурантите на Отворениот ден на ФЕИТ

На „Отворениот ден“ што го организира Факултетот за електротехнички и информациски технологии, покрај многубројните матуранти присуствуваа и претставници од одделот за човечки ресурси во ЕВН Македонија. Целта беше да ги мотивираат студентите да го продолжат своето образование на некоја од енергетските насоки, укажувајќи им на придобивките и предизвиците што ги очекуваат. Презентирани беа активностите на ЕВН Македонија, поврзани со ФЕИТ, меѓу кои се програмите trainees, практикантската работа и доделувањето стипендии.

# Стипендии за младите и перспективни студенти

ЕВН Македонија додели 4 стипендии на студенти запишани во прва студентска година 2010/11 на Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје. Стипендистите ги исполнија условите и критериумите кои ги договорија во согласност со меморандумот за соработка меѓу ЕВН Македонија и ФЕИТ.

ЕВН ги поддржува младите и стручни кадри со цел да се мотивираат да го продолжат своето високо образование во енергетскиот сектор, а воедно и да се развие човечкиот капитал и неговиот квалитет. На таков начин ќе се обезбеди подмладок на стручниот кадар потребен на компанијата преку континуирано следење и развој на млади таленти и нивен ангажман за потребите на компанијата.

Стипендијатата важи за една студиска година и изнесува 6000,00 денари месечно. Ако студентот ги исполни обврските преземени со договорот со ЕВН Македонија редовно да ги полага испитите и студиската година ја заврши во рок и со просек не помал од 8,0, има можност за продолжување на стипендирањето. Студентите за време на летниот период во интервал од еден месец ќе извршуваат и практикантска работа во ЕВН Македонија.



Претседателот на УО на ЕВН Македонија, г. Вернард Хенгст, и Деканот на ФЕИТ, г. Миле Станковски, ги доделуваат стипендиите